**Судија Беса Адеми**



Име и презиме:

**Беса Адеми**

Година на избор:

**2009**

Област на која работи судијата:

**Оддел за граѓански дела - Претседател на оддел и Оддел за судска практика**

**Образование:**

Родена е на 23.1.1964 г. во Скопје. Живее во Скопје. По националност е албанка. Дипломирала на Правниот факултет во Скопје во 1990 г. Правосуден испит положила во Скопје на 8.4.1993 г.

**Работно искуство:**

На 15.12.1990 г. започнала да работи како приправник-волонтер во тогашниот Окружен суд Скопје, а од 8.2.1994 г. била стручен соработник во истиот суд. Во периодот од 9.12.1999 г. до 14.6.2004 г. работела како заменик јавен правобранител на РМ во Јавното правобранителство на РМ. На 15.6.2004 г. со одлука за избор 07-2592/1 (Сл.в. на РМ бр. 38/04 од 17.6.2004 г.) е избрана за судија во Апелациониот суд Скопје каде постапува по предмети во граѓанскиот оддел. На 7.7.2009 година е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија. Има солидно познавање на англиски јазик. Искуство во работа со компјутери има во word. Член е на комисија за правосуден испит.

На 12.02.2021 со одлука бр.09-309/1 од страна на Судскиот Совет на Република Северна Македонија е избрана за Претседател на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

На 12.03.2021 година претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија даде свечена изјава пред претседателот и членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија.